

**Проф. Д-р Александар Митевски**

***Специјалист по Општа хирургија, субспецијалист по Абдоминална хирургија***
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за медицински науки***

# СОВРЕМЕН КОНЦЕПТ И МИНИМАЛНО ИНВАЗИВЕН ТРЕТМАН НА ХЕРНИИ НА АБДОМИНАЛЕН ЅИД

Абдоминалните хернии претставуват чест медицински проблем. Околу 10% од популацијата во тек на животот ќе добие некаков вид на абдоминална хернија.
Кај машката популација животниот ризик за ингвинална хернија изнесува 27%, што е еден од најчестите хируршки проблеми.

Вентралните и инцизионални хернии претставуваат проблем од аспект на трошоците за нивниот третман и честите компликации и рецидиви.

Посебен проблем претставуваат т.н. комплексни хернии, овде спаѓаат хернии кои се неколку пати повторувани (мултипни рецидиви) и хернии кои се поврзани со подолготрајно излегување − протрузија на абдоминалните органи или ткива низ килниот отвор.

Цел на секој третман во медицинатаа е да има стандардизиран, рутинизиран протокол кој овозможува повторливост на резултатите. Да биде минимално инвазивен доколку може да се изведе и да има што помалку компликации.

Третманот на херниите бара сериозен пристап и процена. Треба да се има предвид дека секој пациент е посебен случај, односно да се има индивидуален пристап кон секој пациент и проблем. Соодветната предоперативна подготовка, испитувањата и предоперативниот план се од особена важност за да имаме оптимална поправка во првиот обид.

***Клучни зборови: абдоминална хернија, ингвинална хернија, вентрална хернија, комплексна хернија ,минимално инвазивен пристап***